PALAS
- TRAVEL AGENCY -
- EST 1994 -

**Licence – "A" category**
**Ruzveltova str. BB; 7000 Bitola – MACEDONIA**
**Tel/fax : +389 (0) 47 232 980; +389 (0) 71 222 939**
**info@palas.mk; www.palas.mk;**

# MADRID

## 5 ДЕНА / 4 НОЌЕВАЊА / АВИОН

**МАДРИД**, главниот град на Кралството Шпанија, секако го заслужува вниманието на секој сериозен турист. Сместен во срцето на Пиринејскиот Полуостров, богат со разновидни содржини, музеи, импресивна архитектура, плоштади и облакодери…. знаменитостите како што се **Plaza Espagna**, **Gran Via, Puerta Del Sol** (Сончевата порта), **Plaza Mayor** (Главниот плоштад), **Puerta De Toledo** (Триумфалната капија), паркот **Retiro,** плоштадот **Sibeles**, **Salamanka**, стадионот **Santiago Bernabeu**...овие знаменитости и уште многу други - го прават главниот град на Шпанија единствен. Со атрактивните факултативни екскурзии како средновековната престолнина на Шпанија – Толедо, шармантната Сеговиа, како и велелепниот Ескоријал, ќе заокружите едно преубаво патување!

**1.ДЕН (28.03.2025 – петок) БИТОЛА – ТИРАНА – МАДРИД :** Состанок на групата на Градската Автобуска Станица во 09.30 часот. Поаѓање за Албанија во 10.00 часот. Патот води преку Охрид, Струга, г.п.Ќафасан, Елбасан...пристигање на аеродромот во Тирана околу 14.30 часот. Летот за Мадрид е во 16.30 часот. Пристигање во Мадрид во 20.10 часот. Трансфер до хотел. **Ноќевање.**

**2.ДЕН (29.03.2025 – сабота) МАДРИД :** Појадок. По појадокот – разглед на градот со стручен водич...**Plaza Espana**, **Gran Via, Plaza Mayor, Puerta Del Sol, Puerta De Toledo**, паркот **Retiro**, плоштадот **Sibeles, Salamanka**...слободно време за индивидуален разглед на градот или шопинг. Враќање во хотел. **Ноќевање.**

**3.ДЕН (30.03.2025 – недела) МАДРИД – СЕГОВИА :** Појадок. По појадокот – слободно време, или факултативен излет до Сеговиа...**СЕГОВИА** се наоѓа во регионот Кастилја и Леон, на околу 180 километри од Мадрид. Главните карактеристики на градот се најдобро зачуваниот римски аквадукт, катедралата и замокот, поради кои Сеговија беше вклучена на листата на светското културно наследство под заштита на УНЕСКО. Карактеристичната панорама на овој град, чии згради се направени од теракота и варовник, се наоѓа на ридовите на Кастилја кои ја опкружуваат **Siera De Guadarama**. Започнуваме од импресивниот Аквадукт – изграден за време на Императорот Августин. За време на прошетката, ги откриваме украсените историски градби како **Casa De Los Picos**, посетуваме некои романескни цркви однадвор, како што е црквата **San Martin**, благородничкиот кварт со палати и цркви, како и дел од стариот еврејски кварт. Продолжуваме кон централниот плоштад **Plaza Mayor** на Сеговија. Посетете ја катедралата Сеговија и восхитувајте се одвнатре. Дознајте повеќе за многуте знаменитости и згради на патот од вашиот стручен водич. На крајот - завршете ја турнејата со обиколка на велелепниот замок **Alcazar**...дознајте за историјата на оваа елегантна палата која била дом на неколку значајни кралеви и кралици, вклучувајќи ја и Изабела I од Кастилја и научете како замокот се користел низ вековите. Пауза за индивидуална обиколка и прошетка. Враќање во Мадрид во касните попладневни часови. **Ноќевање.**

**4.ДЕН (31.03.2025 – понеделник) МАДРИД – ТОЛЕДО :** Појадок. По појадокот – слободно време или факултативна посета на **ТОЛЕДО**...Екскурзијата опфаќа посета на средновековниот главен град на Шпанија, исто така познат по тоа што таму живеел и создавал познатиот сликар, скулптор, архитект и библиотекар Ел Греко. Низ историјата бил населен со бројни народи (Римјани, Визиготи, Маври...) и сите оставиле свој белег во развојот на градот. Толедо останал главен град на Шпанија до 1561 година, кога Мадрид ја презел таа улога...Толедо сега е главен град на провинцијата Кастилја-Ла Манча, југо-централна Шпанија. Сместен е на околу 67 км југозападно од Мадрид. Од античко потекло, Толедо го спомнува римскиот историчар Ливиј како "urbs parva, sed loco munita" („мал град, но утврден според локацијата"). Освоено од римскиот генерал Маркус Фулвиус Нобилиор во 193 п.н.е., тоа стана важна римска колонија и главен град на Карпентија. Градот бил резиденција на Визиготскиот двор во 6.век и место на познатите собори, од кои третиот (589.година) бил особено важен поради преобраќањето на кралот Рекаред во христијанин. За време на мавританскиот период (712–1085), тој бил дом на важна заедница на Мозараб (Христијани кои зборуваат арапски). Преземен од кралот Алфонсо VI во 1085 година, Толедо стана најважниот политички и социјален центар на Кастилја. Тоа беше сцена на спој на христијанската, арапската и еврејската култура, чиј пример беше Школата на

преведувачи (Escuela de Traductores) основана од Алфонсо X (Мудриот) во 13 век. Значењето на градот се намалило откако Филип II го направил Мадрид свој главен град (1560). **Толедо** се смета за најрепрезентативен претставник на шпанската култура, а неговиот историски центар беше прогласен за светско наследство на УНЕСКО во 1986 година. Разгледот започнува со посета на срцето на царскиот град и неговиот историски комплекс...Во нашата маршрута, ќе ги посетиме неговите најсимболични улици и плоштади. Во историскиот центар има такви интересни места како **El Alkazar, Plaza de Zocodover**, Првата катедрала на Шпанија, џамијата на **Cristo De La Luz**, Еврејскиот кварт, синагогата **Santa Maria la Blanka**...Ова се само некои од најпознатите атракции кои Ве очекуваат во Толедо...враќање во Мадрид околу 18.30 часот. **Ноќевање.**

**5.ДЕН (01.04.2025 – понеделник) МАДРИД – ЕСКОРИЈАЛ - АЕРОДРОМ :** Појадок. По појадокот – одјавување од хотелот, слободно време, или факултативна посета на замокот **ESCORIAL** – велелепен комплекс кој претставуваше историска резиденција на Шпанските кралеви и симбол на моќта на Шпанија во XVI век...Кралот Филип II решил да ја изгради оваа монументална палата по смртта на неговиот татко (во време кога Мадрид сè уште не бил главен град на Шпанија), а во чест на неговата победа над Французите во Сент Вентино (16 век). Ова е исто така - секуларно и религиозно место. Изградбата ја започнал архитектот Хуан Батиста де Толедо, а ја завршил неговиот ученик Хуан де Херера. За неговата изградба се потрошени околу 5.260.570 дукати. Во 17 и 18 век, наследниците на Филип направиле корекции и дополнувања. Во рамките на комплексот се наоѓаат кралската палата, манастирот, црквата, мавзолејот, библиотеката и музејот. Во многу згради можете да видите познати дела на уметници како Ел Греко, Тицијан, Рибера, Лука Цордано, Зукаро, Тинторето, Веронезе, Веласкез, Бош или Зурбаран и скулптури од Монегро, Бернини и Челини. Враќање во Мадрид – слободно време. Поаѓање за аеродромот **Barajas** во 19.00 часот. Летот за Тирана е во 22.00 часот. Пристигнување во Тирана во 01.10 часот – следниот ден. Патувањето продолжува за Македонија...пристигнување во Битола во утринските часови.

**ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ : 38.380,00 денари (619 €)**

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ ВКЛУЧУВА :**

- Трансфер (минибус или автобус) на релација Битола – Тирана (аеродром) – Битола;
- авиобилет на релација Тирана – Мадрид – Тирана (WIZZ AIR);
- Аеродромски такси
- Рачен багаж (1 торба или куфер со димензии 40x30x25 см.);
- трансфер Мадрид (аеродром) – хотел – Мадрид (аеродром);
- **полудневен разглед на Мадрид со стручен водич**
- 4 НП во хотел со 3* во Мадрид; Сместување во 1/2 или 1/3 соби;
- **ДОПЛАТА за 1/1 соба** – 50 € на ден
- организација, водство и реализација на аранжманот.

**ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ ВКЛУЧУВА :**

- Факултативните излети и посети, влезниците при посета на културно-историските споменици;
- патничкото осигурување
- Туристичката такса – € по лице на ден (се плаќа на рецепција)

**ЦЕНИ за ФАКУЛТАТИВАТА :**

- Полудневниот излет за **Segovia** (трансфер + стручен водич) – 80 € по лице;
- Посета на **Toledo** (трансфер + стручен водич + влезница за манастирот) - 75 € по лице;
- Посета на **Escorial** – (трансфер + стручен водич) - 65 € по лице

**ВАЖНО :** Факултативните излети не се задолжителен дел од програмата и зависат од бројот на пријавени патници и се организирани од локална агенција, странски партнер на т.а.ПАЛАС. Странскиот партнер ја сноси целата одговорност за спроведување на факултативните излети. **Пријавување и уплати за факултативните излети – во агенција. Минимум број на патници за реализација на факултативните излети е 15.**

**НАПОМЕНА :** Организаторот на патувањето го задржува правото да во случај на измена на цената на превозот, измена на девизниот курс, недоволен број на пријавени патници и слично, ја промени цената на патувањето. Во рамките на разгледувањето на градовите или локалитетите наведени во програмата, не се предвидени посети ниту обиколка на ентериери, јавни градби, институции и споменици на културата, освен кога тоа е посебно назначено. За патувањето во ЕУ патникот треба да поседува важечки пасош со важност од минимум 3 месеци од датата на завршувањето на аранжманот. Патникот е лично одговорен за исправноста и важноста на својот пасош, организаторот на патувањето не е овластен и не ја цени исправноста на патните и други исправи. За реализација на овој аранжман, потребен е **минимум од 18 патници,** во спротивно, крајниот рок за известување околу евентуален отказ на аранжманот е најкасно 5 дена пред датумот на поаѓање. Организаторот на патувањето го задржува правото за измена на редоследот на поедини содржини во програмата.

**Со оваа програма важат Општите услови на т.а. ПАЛАС и СКТМ**